Steiermärkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft
Sparkassenplatz 4
8010 Graz
www.steiermaerkische.at

Firmensitz Graz
Landesgericht Graz
FN 34274d
BIC: STSPAT2G

Согласно член 22 став (1) од Законот за преземање на акционерски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020) („**Закон за преземање**“), Steiermarkische Bank und Sparkassen AG, акционерско друштво организирано согласно законите на Австрија, со седиште на Sparkassenplatz 4, 8010 Грац, Република Австрија, регистрирано во Регистарот на трговски друштва на Република Австрија под број ФН 34274 д („**Преземач**“), на 10 септември 2026 година со ова го дава следното:

**Известување за намера за преземање**

Преземачот го дава ова Известување за намерата за преземање на сите запишани обични акции со номинална вредност по акција од 1.000 денари, со ISIN број MKBLBA101011 што соодветствува на 100% запишан акционерски капитал и гласачки права во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје Universal Investment Bank AD Skopje („**Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**“) со ЕМБС 4646088, со регистрирано седиште на ул. Максим Горки бр.6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, банка која е основана и која постои согласно законите на Република Северна Македонија, чии акции котираат на Македонската берза на хартии од вредност („**Известување**“).

Понудата за преземање и проспектот ќе бидат дадени во согласност со Законот за преземање за целите на горенаведеното преземање и за понудата да се смета за успешна, предвиден е праг на успешност од најмалку 397.988 запишани обични акции, што соодветствува на приближно 72,90% запишан акционерски капитал и гласачки права во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

Понудата за преземање на сите запишани обични акции во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје ќе биде објавена по цена еднаква на 126,3766353 евра по акција, во денарска противвредност пресметана со користење на официјалниот среден курс на Народната банка на Република Северна

In accordance with Article 22 paragraph 1 of the Law on Takeover of Joint Stock Companies (Official Gazette of the Republic of North Macedonia nos. 69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016 and 248/2018 and "Official Gazette of the Republic of North Macedonia" no. 31/2020) (“**Takeover Law**”), Steiermärkische Bank und Sparkassen AG, a joint stock company organized under the laws of Austria, having its registered seat located at Sparkassenplatz 4, 8010 Graz, Austria, registered with the Austrian Companies Register under the registration number FN 34274 d (“**Bidder**”), on 10 September 2026 hereby provides the following:

**Notification on the Intention on Takeover**

The Bidder provides this Notification on Intention on Takeover for the takeover of all registered common (ordinary) shares of nominal value per share of MKD 1,000, with ISIN number MKBLBA101011 representing the entire 100% registered share capital and voting rights of Universal Investment Bank AD Skopje (“**Universal Investment Bank AD Skopje**”), with company number (EMBS) 4646088, with registered office at Maksim Gorki no. 6, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia, a bank duly organized and validly existing under the laws of the Republic of North Macedonia, listed on the Macedonian Stock Exchange (“**Notification**”).

The takeover bid and prospectus shall be made in accordance with the Takeover Law for purposes of the above described takeover and the completion of the takeover bid shall be conditioned by success threshold of at least 397,988 registered common (ordinary) shares, which corresponds to circa. 72.90 % of the registered share capital and voting rights of Universal Investment Bank AD Skopje.

The takeover bid for all the registered common (ordinary) shares of Universal Investment Bank AD Skopje will be launched at a price equal to EUR 126.3766353 per share, in Macedonian Denars countervalue calculated using the official median exchange rate of the National Bank of the Republic of North Macedonia on

Македонија на работниот ден што претходи на денот на уплатата на купопродажната цена цена во Централниот депозитар за хартии од вредност.

the business day preceding the day of payment of the purchase price to the Central Securities Depository.

Преземачот, Цеко Тодоров Минев, државјанин на Република Бугарија, со адреса на ул. Доспат бр.20 БТ.2, Софија, Бугарија, и Ивајло Димитров Мутафчиев, државјанин на Република Бугарија, со адреса на ул. Крушеска Градина бр.26, Софија, Бугарија („**Продавачи**“) склучија договор за купопродажба на акции во врска со продажбата од страна на Продавачите на 397. 988 запишани обични акции издадени од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на Преземачот, кој што ќе биде спроведен преку постапка за преземање и давање понуда за преземање, подготвена согласно со правилата и условите на Законот за преземање.

The Bidder, Tseko Todorov Minev, citizen of Republic of Bulgaria, with address at str. Dospat no. 20 BT.2, Sofia, Bulgaria, and Ivaylo Dimitrov Mutafchiev, citizen of Republic of Bulgaria, with address at str. Krusheska Gradina, no.26, Sofia, Bulgaria, (“**Sellers**”) have entered into a share purchase agreement in relation to the sale by the Sellers of 397,988 registered common (ordinary) shares issued by Universal Investment Bank AD Skopje to the Bidder which will be completed through a tender in the takeover bid made in accordance with and subject to terms and conditions of the Takeover Law.

Ова Известување се дава до (i) Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија (ii) Македонската берза за хартии од вредност, (iii) Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија, (iv) Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија и (v) Управниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, а истото ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во еден дневен весник што редовно излегува на територијата на Република Северна Македонија. Преземачот, заедно со Управниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ќе го испрати ова Известување и до претставниците на вработените, односно до вработените во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

This Notification is provided to the (i) Security and Exchange Commission of the Republic of North Macedonia, (ii) the Macedonian Stock Exchange, (iii) the Central Securities Depository of the Republic of North Macedonia, (iv) the Commission for Protection of Competition of the Republic of North Macedonia and (v) the Management Board of Universal Investment Bank AD Skopje, and the same will be published in the Official Gazette of the Republic of North Macedonia and in one daily newspaper which is regularly published on the territory of the Republic of North Macedonia. The Bidder shall also, together with the Management Board of Universal Investment Bank AD Skopje send this Notification to the employee representatives, i.e. the employees of Universal Investment Bank AD Skopje.

Согласно член 26-а став (3) од Законот за преземање, напоменуваме дека, покрај согласностите кои се потребни од домашните овластени тела и институции, објавувањето на понудата за преземање, е условено со претходни дозволи и/или согласности кои ги носат странски надлежни тела и институции како што следи: (i) Одобрување на концентрацијата од црногорското тело за заштита на конкуренција и српското тело за заштита на конкуренција и (ii) Одлука за одобрување од Европската централна банка („**Странски одобренија**“).

In accordance with Article 26a paragraph 3 of the Takeover Law, we hereby highlight that, in addition to the approvals required by domestic authorized bodies and institutions, the publishing of the takeover bid, is subject to previous approvals and/or consents passed by foreign authorized bodies and institutions as follows: (i) Antitrust clearances by the Montenegrin Competition Authority, and the Serbian Competition Authority; and (ii) a Decision on Approval from the European Central Bank (“**Foreign Approvals**”).

Согласно член 26-а став (4) од Законот за преземање, Преземачот ќе поднесе барање за добивање на дозвола за понудата за преземање и проспектот до Комисијата за хартии од вредност согласно Законот за

In accordance with Article 26a paragraph 4 of the Takeover Law, the Bidder will submit a request for granting permission for takeover bid and a prospectus to the Commission in

преземање, откако ќе бидат добиени Странските одобренија.

Согласно член 26-а став (3) од Законот за преземање, во случај кое било од Странските одобренија да не биде добиено, намерата ќе се смета за повлечена и нема да биде дадена понуда за преземање. Во однос на ова, (i) во случај која било институција надлежна за давање на кое било од Странските одобренија да отфрли или одбие да го издаде соодветното Странско одобрение, Преземачот ќе извести согласно член 26-а став (5) од Законот за преземање, или (ii) во случај која било интитуција надлежна да даде било кое Странско одобрение, истото да не го издаде во рок од 12 месеци од објавувањето на намерата за преземање, Преземачот ќе извести согласно член 26-а став (6) од Законот за преземање.

accordance with the Takeover law, once the Foreign Approvals are obtained.

In accordance with Article 26a paragraph 3 of the Takeover Law, in case any of the Foreign Approvals is not received, the intent will be considered withdrawn and the takeover bid shall not be submitted. In this respect, (i) in case any authority competent to grant any of the Foreign Approvals rejects or denies granting of relevant Foreign Approval, the Bidder shall make notifications prescribed in Article 26a paragraph 5 of the Takeover Law or (ii) in case any authority competent to grant any of the Foreign Approvals does not grant relevant Foreign Approval within 12 months as of publication of the intention to takeover, the Bidder shall make notifications prescribed in Article 26a paragraph 6 of the Takeover Law.

Во име на Преземачот / On behalf of the Bidder,

Signiert von: Georg Bucher

Datum: 10.09.2026 09:19:42

Dieses mit einer qualifizierten elektronischen Signatur versehene Dokument hat gemäß Art. 25 Abs. 2 der Verordnung (EU) Nr 910/2014 vom 23. Juli 2014 ("eIDAS-VO") die gleiche Rechtswirkung wie ein handschriftlich unterschriebenes Dokument.

**Dieses Dokument ist digital signiert!**

**Prüfinformation:**
Informationen zur Prüfung der elektronischen Signatur finden Sie unter:
www.handy-signatur.at

Од: д-р Георг Бухер / By: Dr. Georg Bucher

Позиција: Главен извршен директор / Position: CEO

Овластен потписник на Преземачот / Authorized signatory of the Bidder

Signiert von: Slavisa Kojic

Datum: 10.09.2026 08:44:11

Dieses mit einer qualifizierten elektronischen Signatur versehene Dokument hat gemäß Art. 25 Abs. 2 der Verordnung (EU) Nr 910/2014 vom 23. Juli 2014 ("eIDAS-VO") die gleiche Rechtswirkung wie ein handschriftlich unterschriebenes Dokument.

**Dieses Dokument ist digital signiert!**

**Prüfinformation:**
Informationen zur Prüfung der elektronischen Signatur finden Sie unter:
www.handy-signatur.at

Од: г-дин Славиша Којиќ / By: Mr. Slavisa Kojic

Својство: прокурист / Position: procurator

Овластен потписник на Преземачот / Authorized signatory of the Bidder